# ИЗВЕШТАЈ ОД ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛИ НА ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ЗА ПЕРИОД 01.01.-30.06.2015

ФЗОМ



## Резиме

***Финансиските контролори како дел од Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамки на Фондот за здравствено осигурување во текот на првото полугодие на 2015 година изврши вкупно 246 контроли на јавните здравствени установи во Македонија.***

***Согласно Годишниот план за финансиски контроли извршени се 246 контроли (целосни финансиски и квартални контроли) и 2 наменски контроли.***

***Планот за првото полугодие од 2015 година е надминат за 0,82 %.***

***При контрола на начинот на фактурирање на здравствени услуги во јавните здравствени установи констатирано е зголемување на процентот на грешно фактурирани пресметки од 1,98% во четврт квартал 2014 на 2,25% во прв квартал 2015 година.***

***Во текот на целосните финансиски контроли кај одредени ЈЗУ е констатирано подобрување, додека во одредени е констатирано влошување. Во текот на финансиските контроли во првото полугодие од 2015 година поголемо внимание се посвети на контролата на начинот на спроведување на постапките за јавни набавки и трошоците во пресметките од ДРГ.***

***Од контролите констатиран е зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола и реализација на договорите, укажување за начинот на чување на финансиската документација во просториите на здравствените установи итн.***

***За констатираните состојби во ЈЗУ, финансиската контрола даде препораки со цел да се надминат во наредниот период.***

# I. Вовед

Финансиската контрола во јавните здравствени установи (во понатамошниот текст: ЈЗУ) се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), во согласност со членот 68 став 2 и член 71 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, како и согласно одредбите од договорите за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита склучени помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот) и ЈЗУ.

# II. Цел на финансиската контрола




Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи. Целта на контролата е проверка на точноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности, како и создавањето на побарувањата, приходите, обврските и расходите и да ја оцени нивната усогласеност со законите, подзаконските и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување. На овој начин се контролира економичноста во работењето, наменското трошење на средствата на ЈЗУ и начинот на искажување на извршените здравствените услуги.

Контролата обезбедува проток на информации од Фондот кон ЈЗУ и обратно. Со контролите се постигнува и едукативна функција со која ЈЗУ се стекнуваат со сознанија за корекција на неправилностите во делот на финансиските активности.

## III. Одделение за буџетска и финансиска контрола



Координацијата во процесот на финансиска контрола на ЈЗУ ја врши Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при Фондот. Контролата ја спроведуваат 17 овластени финансиски контролори, дипломирани економисти, распоредени во централната и подрачните служби (во понатамошниот текст ПС) на Фондот и тоа:

| Организациона единица | број на контролори |
|---|---|
| Централна служба | 4 |
| Скопје | 3 |
| Тетово | 1 |
| Гостивар | 1 |
| Струга | 1 |
| Охрид | 1 |
| Битола | 1 |
| Прилеп | 1 |
| Велес | 1 |
| Струмица | 1 |
| Кочани | 1 |
| Куманово | 1 |
| **Вкупно контролори** | 17 |

## IV. Видови финансиска контроли

Финансиските контроли се делат на:

- редовни контроли кои реализираат согласно Годишен план за финансиска контрола и
- контроли со посебна намена

Планот на финансиски контроли за првото полугодие од 2015 година предвидуваше 20 целосни финансиски контроли и 224 контроли за начинот на искажување на извршени здравствени услуги од страна на јавните здравствени установи, т.е. вкупно 244 контроли.

Во текот на првото полугодие од 2015 година, согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли од страна на финансиските контролори беа извршени 20 редовни финансиски контроли. Во истиот период, финансиските контролори спроведоа и 224 контроли на извештаите за извршени здравствени услуги во ЈЗУ и 2 наменски контроли. Вкупниот број на извршени финансиски контроли во првото полугодие од 2015 година изнесува 246 контроли.

**Со тоа, процентот на реализацијата на годишниот план е 100,82 %**.

Реализираните контроли по видови се презентирани во следнава табела:

| ред бр. | Вид на контрола | број на извршени контроли |
|---|---|---|
| **1** | **Контроли предвидени согласно Годишен план за финансиски контроли** | **244** |
| **1.1** | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | *20* |
| **1.2** | *Квартални контроли на извештаи од ЈЗУ* | *224* |
| **2** | **Наменски контроли** | **2** |
| **2.1** | *Предмет на контролата се постапките за јавна набавка на интелектуални услуги за софтверско и хардверско одржување во ЈЗУ Здравствен дом – Битола* | *1* |
| **2.2** | *Контрола на исплата на средства од конзилијарните мислења и прегледи на пациенти, во периодот од декември 2014 до април 2015 година во ЈЗУ УК за психијатрија - Скопје* | *1* |
| | **Вкупно финансиски контроли** | **246** |

Споредбено со првото полугодие од 2014 година, бројот на реализирани контроли по видови, во првото полугодие од 2015 година е прикажано во следната табела:

| ред бр. | Вид на контрола | број на извршени контроли во прво полугодие од 2014 г. | број на извршени контроли во прво полугодие од 2015 г. |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Контроли согласно Годишен план за финансиски контроли** | **260** | **244** |
| **1.1** | *Целосни финансиски контроли на ЈЗУ* | 37 | 20 |
| **1.2** | *Квартални контроли на извештаи од ЈЗУ* | 223 | 224 |
| **1.3.** | *Контроли за начинот на искажување на извршени услуги од специјалистичко-консултативна дејност во ПЗУ* | 14 | / |
| **1.4** | *Контроли по препораки од целосна финансиска контрола* | 5 | / |
| **2.** | **Наменски контроли** | **7** | **2** |
| | **Вкупно финансиски контроли** | ***286*** | ***246*** |

## V. Реализација по видови на контроли

### 1. Целосна финансиска контрола

Целосната финансиска контрола има за цел контрола и анализа на финансиското работење на ЈЗУ. Таа подразбира контрола на:

- постапки за јавни набавки и усогласеност на договорите со понудите од економските оператори како и начинот на фактурирање и плаќање на обврските по основ на договорите од јавни набавки
- сметководствена евиденција
- контрола на состојбата на побарувања, обврски и долгови
- контрола на состојбата на парични средства во благајна и на сметка
- наплата на сопствени приходи и партиципација
- остварување на приходи по програми на Министерство за здравство
- ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- контрола на начинот на искажување на услугите во документите за плаќање до Фондот.

Согласно Годишниот план за финансиски контроли, во текот на првото полугодие од 2015 година се реализирани 20 целосни финансиски контроли со што планот е целосно исполнет.

Во рамките на извршените 20 контроли, споредбено со првото полугодие од 2014 година, контролирани се:

| Вид на ЈЗУ | број на контролирани ЈЗУ во прво полугодие од 2014 г. | број на контролирани ЈЗУ во прво полугодие од 2015 г. |
|---|---|---|
| Универзитетски клиники | 6 | 11 |
| Клинички, општи болници и специјални болници | 3 | 5 |
| Здравствени домови и здравствени станици | 17 | 3 |
| Институти, заводи и Центри за јавно здравје | 11 | 1 |
| **Вкупно:** | **37** | **20** |

Од вкупно контролирани 20 ЈЗУ во прво полугодие од 2015 година, 11 ЈЗУ спаѓаат во групата неодржливи ЈЗУ и тоа:

1. **Универзитетски Стоматолошки клинички центар ,,Св.Пантелејмон,, - Скопје;**
2. **УК за максилофацијална хирурија– Скопје;**
3. **УК за радиотерапија и онкологија – Скопје;**
4. **УК за ревматологија - Скопје;**
5. **УК за токсикологија – Скопје;**
6. **УК за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје;**
7. **УК за торакална и васкуларна хирургија – Скопје;**
8. **УК за ТОАРИЛУЦ – Скопје;**
9. **Здравствен Дом - Крушево;**
10. **Здравствен дом – Пехчево;**
11. **Здравствен дом – Охрид.**

Кај сите контролирани 20 ЈЗУ е утврдено дека на крајот на 2014 година имаат долгови.

Во текот на 2014 година три ЈЗУ реализирале над 90 % од вкупно искажаните извршени здравствени услуги по Програми од МЗ, една ЈЗУ реализирала износ помеѓу 80 и 90 %, а две ЈЗУ помеѓу 70 и 80 %. Две ЈЗУ реализирале помеѓу 60 и 70 % од побарувања од МЗ во 2014 година и две ЈЗУ реализирале помеѓу 50 и 60 %. Десет ЈЗУ кај кои во 2014 година е извршена целосна финансиска контрола реализирале под 50% од вкупно извршените здравствени услуги во 2014 година до МЗ.

Сите 20 контролирани ЈЗУ имаат донесено Одлука за касов максимум.

Од извршените целосни финансиски контроли на 20 ЈЗУ, констатирано е дека во текот на 2014 година, 16 ЈЗУ имаат ангажирано лица - волонтери, согласно Законот за волонтирање.

Во 6 од контролираните 20 ЈЗУ, степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2014 година се движи над 90%, во 3 ЈЗУ помеѓу 80 и 90%, во 3 ЈЗУ е помеѓу 70 и 80%, во 3 ЈЗУ помеѓу 60 и 70%, а кај 3 ЈЗУ степенот на наплата на партиципација е помеѓу 50 и 60 %. Кај 2 од контролираните ЈЗУ степенот на наплата на партиципација во однос на пресметаната партиципација во 2014 година е под 2 %.

При извршените целосни финансиски контроли во 20 ЈЗУ во текот на првото полугодие од 2015 година, кај 7 ЈЗУ се утврдени неправилности во благајничкото работење и се дадени препораки за нивно надминување.

Кај 8 од 20 ЈЗУ нема воведено софтвер за разграничување на долговите и обврските во сметководствената евиденција.

При контрола на постапки за јавни набавки по случаен избор, констатирани се неправилности при спроведувањето на јавните набавки во повеќето јавни здравствени установи и тоа:

- кај 6 од 20 контролирани ЈЗУ нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое е обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки согласно со овој закон и кое има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

- кај 4 ЈЗУ во спроведени постапки за јавни набавки нема Изјави за постоење/непостоење на судир на интереси од членовите на комисијата и/или од одговорното лице.

- Кај 15 ЈЗУ констатирани се набавки без спроведена постапка за набавка, чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ.

- кај 14 ЈЗУ не се спроведуваат соодветни постапки за набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ.

- кај 13 ЈЗУ Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки, т.е. не ги содржи елементите пропишани во членот 28 ставови 2 и 3.

- кај 11 контролирани ЈЗУ Одлуката за избор или за поништување не е донесена во утврдениот законски рок, кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество.

- Кај 8 ЈЗУ констатирани се случаи кога цени или рокот на плаќање во доставените фактури се различни од договорени цени во контролираните договори за јавна набавки.

Само 2 од контролирани 20 ЈЗУ во целост ги исполниле препораките од претходната финансиска контрола.

Во извршените 20 целосни финансиски контроли, финансиските контролори евидентирале 218 препораки, и тоа на 3 ЈЗУ им се дадени над 20 препораки, на 5 ЈЗУ бројот на евидентирани препораки е помеѓу 10 и 20 и кај 12 ЈЗУ бројот на нотирани препораки е под 10.

## 2. Контрола на начинот на искажување на здравствени услуги од здравствените установи



Започнувајќи од јануари 2014 година здравствените установи кои пружаат здравствени услуги од областа на примарна, специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита (за оние услуги кои не се опфатени со ДСГ системот) документацијата ја доставуваат електронски, преку веб порталот на Фондот, согласно упатствата објавени на веб порталот на Фондот.

Предмет на контрола се извештаи и пропратната документација за извршени здравствени услуги од примарна, специјалистичко – консултативната и болничка здравствена заштита (за оние здравствени услуги кои не се опфатени со ДСГ системот).

Контролата на извештаите и пропратната документација има за цел да се утврди дали начинот на искажување на извршените здравствени услуги и содржината на извештаите се во согласност со законските и подзаконските акти како и со правилниците и ценовниците на Фондот. Во доменот на контролата се искажаните здравствени услуги од специјалистичко - консултативната здравствена заштита и дневна болница.

Начинот на контрола на извештаите е дефиниран така што од секоја здравствена установа се контролираат извештаите од последниот квартал. Контролорите ја вршат контролата преку избор на пресметки по случаен избор. Во текот на процесот на следење на извештаи на ЈЗУ кои пружаат здравствени услуги од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита се контролираат **најмалку 15% од доставените пресметки** со тоа што треба да бидат опфатени пресметки од сите дејности од една ЈЗУ. Исклучок од ова правило се документите за плаќање од ЈЗУ кои доставиле месечна фактура во чиј прилог бројот на пресметки е поголем од 5.000 кај кои е потребно да се контролираат најмалку 300 пресметки од тековниот месец за таа установа. Исто така исклучок се и извештаите на ЈЗУ во чиј прилог има вкупен број на пресметки кој е помал од 300 пресметки каде е потребно да бидат контролирани сите доставени пресметки во тековниот месец за дадената установа.

Контролата на извештаите согласно Годишниот план за финансиска контрола започна да се имплементира од 01.01.2015 година и до крајот на првото полугодие на 2015 година беа извршени 246 контроли.

Заклучно со 30.06.2015 година контролирани се 294.300 пресметки. Од вкупниот број на контролирани пресметки, констатирани се неправилности во начинот на искажување на здравствените услуги во 6.226 пресметки.

Најзначајни неправилности кои се констатирани во процесот на искажување на извршените здравствени услуги кај контролираните установи се:

- Искажување на извршени здравствени услуги со два пакети кои согласно Упатството за начинот на доставување на извештаи/фактури за извршени здравствени услуги не смеат да се комбинираат во една пресметка;

- Искажување на лекови со повисока цена од набавната цена во случај кога набавната цена е пониска од референтната цена што е спротивно на Упатството за начинот на доставување на извештаи/фактури за извршени здравствени услуги;

- Искажување на партиципација до Фондот која согласно програмите на Министерството за здравство треба да биде побарувана од министерството;

- Пресметки за извршени здравствени услуги во кои недостасуваат потребните податоци (пр. пресметки без потпис на осигуреното лице, без потпис и факсимил на лекар, без број на лекарски дневник итн.);

- Пресметки за извршени здравствени услуги во кои не е приложен упат или е приложен невалиден упат;

Анализата на добиените податоци доставени од страна на контролорите е презентирана во следниот графички приказ:




Од графичкиот и табеларниот приказ може да се увиди дека најголем е бројот на оние пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи. Најчести неправилности во овие пресметки се:

- Пресметки без факсимил и / или потпис на доктор
- Пресметки кои не се во прилог на спецификација
- Пресметки во кои пресметаната партиципација за осигуреници кои се ослободени од плаќање по основ на Програми од Министерство за здравство, не е намален од фактурираниот износ до Фондот
- Пресметки без доказ за ослободување од партиципација
- Пресметки во кои се фактурираат сервисни услуги итн.

Табеларно, констатациите и резултатите од контролите се презентирани во засебен дел од извештајот даден во Прилог бр.1 на овој извештај.

Од прикажаните податоци во прилог на извештајот, можат да се издвојат следниве сумирани податоци за процент на неисправни пресметки во последните четири квартали по видови на ЈЗУ:

| р. бр. | видови здравствени установи | број на контролирани неисправни пресметки во IV квартал 2014 | | | број на контролирани неисправни пресметки во I квартал 2015 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вк. контрол. во IV квартал 2014 | вк. неиспр. во IV квартал 2014 | % на неиспр. во IV квартал 2014 | вк. контрол. во I квартал 2015 | вк. неиспр. во I квартал 2015 | % на неиспр. во I квартал 2015 |
| 1 | универзитетски клиники | 30.321 | 1.880 | 6,20% | 30.425 | 1.484 | 4,88% |
| 2 | општи болници | 57.253 | 767 | 1,34% | 66.119 | 1.411 | 2,13% |
| 3 | здравствени домови | 39.638 | 114 | 0,29% | 42.702 | 446 | 1,04% |
| 4 | центри за јавно здравје и институти | 14.419 | 37 | 0,26% | 13.423 | 87 | 0,65% |
| | **вкупно за ЈЗУ** | **141.631** | **2.798** | **1,98%** | **152.669** | **3.428** | **2,25%** |

Од анализата може да се констатира дека во извештаите на ЈЗУ се забележува тренд на благо зголемување на број на грешки и неправилности во прв квартал од 2015 година во однос на четвртиот квартал од 2014 година и тоа кај општите болници, здравствени домови, центрите за јавно здравје и институтите. Само кај универзитетските клиники е констатирано намалување на процентот на неисправни пресметки во прв квартал од 2015 година за 1,32 %.

Вкупниот процент на неисправни пресметки во прв квартал од 2015 година во однос на четвртиот квартал од 2014 година има тренд на зголемување од 0,27%.

На следниот графикон е прикажан трендот на намалување на грешки во процесот на фактурирање:



Процентот на грешки по видови од анализираниот период на јавни здравствени установи е прикажан во следниот графикон:




Доколку се споредат процентите на неисправни пресметки во четвртиот квартал 2014 година и прв квартал 2015 година по видови на ЈЗУ, може да се констатира дека процентот на грешки во прв квартал 2015 година е намален во однос на четвртиот квартал 2014 година само кај Универзитетските клиники за 1,32%, а кај останатите се бележи зголемување на процентот на грешки во првиот квартал 2015 година во однос на четвртиот квартал 2014 година и тоа кај општите и специјалните болници за 0,79%, кај здравствените домови 0,75% и кај центрите за јавно здравје и институти зголемувањето е за 0,39%.

Од вкупно 112 контролирани ЈЗУ кои пружаат услуги од специјалистичко – консултативна дејност, во периодот јануари – март 2015 година во однос на периодот октомври – декември 2014, кај 56 ЈЗУ е констатирано (поголемо или помало) влошување односно зголемување на процентот на неисправни пресметки во прв квартал 2015 година во однос на четврт квартал 2014 година. Кај 25 ЈЗУ процентот на неисправни пресметки во четвртиот квартал 2014 година е на исто ниво како и во четвртиот квартал 2014 година, а кај останатите 27 ЈЗУ е констатирано подобрување.

Резултати од контролата во периодот октомври – декември 2014 година и јануари - март 2015 година се:

- дадени се напатствија за правилен начин за искажување до 112 јавни здравствени установи;
- во континуитет ЈЗУ добиваат информации за измени и дополнувања на постоечкиот ценовник на пакети и здравствени услуги;
- врз основа на увидот и констатациите во записниците од контрола се детектирани недоследности во правните акти и правилниците на Фондот и иницирана е нивна измена и дополнување.

## 3. Наменски контроли



Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.

Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2015 – 30.06.2015 година се презентирани во следната табела:

| Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола | Број на контроли |
|---|---|
| *Предмет на контролата се постапките за јавна набавка на интелектуални услуги за софтверско и хардверско одржување во ЈЗУ Здравствен дом – Битола* | *1* |
| *Контрола на исплата на средства од конзилијарните мислења и прегледи на пациенти, во периодот од декември 2014 до април 2015 година во ЈЗУ УК за психијатрија - Скопје* | *1* |
| **Вкупно финансиски контроли** | **2** |

## VI. Заклучок



Финансиската контрола на Фондот во првото полугодие на 2015 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Зголемен степен на одговорност кај менаџментот на контролираните ЈЗУ;
- Подобар увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;
- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, итн.
- Препораките и укажувањата се содржани во извештаите односно записниците од контролите;
- Препораките од контролата на извештаите на ЈЗУ постигнаа ефект на зголемена стручност на персоналот во ЈЗУ и зголемување на стручноста на лицата кои вршат контрола на извештаите на ЈЗУ во Фондот;

- Искуствата од контролите придонесоа за подобрување на работењето на финансиската контрола. Истите резултираа и со измена во Упатството за финансиска контрола и Упатство за начинот на доставување на извештаи / фактури за извршени здравствени услуги во примарна здравствена заштита во здравствени домови, специјалистичко – консултативна и болничка здравствена заштита во сите здравствени установи;

- Препораките и едукацијата доведоа до намалување на процентот на неисправни пресметки и бројот на препораки од целосните финансиски контроли кај најголем дел од ЈЗУ.

Август, 2015 година

Изработиле:
Цвете Јовановска
м-р Софче Ристовска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

Прилог 1:

**Преглед на број на контролирани пресметки и број на неисправни пресметки за период октомври - декември 2014 и јануари - март 2015 година**

**Табела бр. 1: Број на контролирани пресметки и констатации / неправилности**

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стоматолошки клинички центар | 5.201 | 171 | 3,29% | 0 | 0 | 112 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 49 |
| 2 | Максилофацијална хирургија | 950 | 8 | 0,84% | 0 | 0 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 3 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија | 1.996 | 147 | 7,36% | 0 | 0 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 132 |
| 4 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија | 4.092 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија | 2.312 | 230 | 9,95% | 0 | 0 | 103 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 121 |
| 6 | ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија | 3.164 | 142 | 4,49% | 0 | 0 | 87 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52 | 0 | 3 |
| 7 | ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија | 1.813 | 8 | 0,44% | 0 | 0 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 8 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентеро-хепатологија | 1.648 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија | 1.693 | 2 | 0,12% | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања | 4.329 | 342 | 7,90% | 0 | 0 | 134 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 205 |
| 11 | ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија | 1.251 | 9 | 0,72% | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 12 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија | 1.886 | 17 | 0,90% | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 6 |
| 13 | ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија | 1.232 | 15 | 1,22% | 0 | 0 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 |
| 14 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести | 3.120 | 263 | 8,43% | 0 | 0 | 263 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 5.191 | 675 | 13% | 0 | 0 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 | 0 | 627 |
| 16 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија | 1.325 | 2 | 0,15% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 17 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија | 2.360 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 18 | ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија | 900 | 10 | 1,11% | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| 19 | ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија | 579 | 0 | 0 % | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 20 | ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија | 928 | 1 | 0.11% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 21 | ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија | 605 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија | 1.098 | 12 | 1,09% | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| 23 | ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија | 806 | 13 | 1,61% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 11 |
| 24 | ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло | 1.766 | 19 | 1,08% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 16 |
| 25 | ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести | 2.038 | 3 | 0.15% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 26 | ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство | 3.078 | 68 | 2,21% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 62 |
| 27 | ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија | 1.259 | 1 | 0,08% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Скопје | 512 | 2 | 0,39% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 29 | ЈЗУ Ургентен центар, трауматологија,ортопедиј а и карил | 3.614 | 1.204 | 33,31% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 1.190 |
| **Вкупно за Универзитетски клиники:** | | 60.746 | 3.364 | 5,54% | 0 | 0 | 773 | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 107 | 0 | 2.461 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од еферентната | Неправилна примена на пакет за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30 | Клиничка болница-Битола | 12.435 | 104 | 0,84% | 0 | 0 | 59 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11 | 0 | 20 |
| 31 | Општа болница-Гевгелија | 4.610 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 32 | Општа болница-Гостивар | 4.235 | 331 | 7,82% | 0 | 0 | 38 | 31 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 261 |
| 33 | Општа болница-Дебар | 2.217 | 6 | 0,27% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| 34 | Општа болница-Кавадарци | 8.990 | 83 | 0,92% | 0 | 0 | 2 | 49 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 30 |
| 35 | Општа болница-Кичево | 5.392 | 12 | 0,22% | 0 | 0 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 36 | Општа болница-Кочани | 3.345 | 56 | 1,67% | 0 | 0 | 54 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| 37 | Општа болница-Куманово | 4.353 | 126 | 2,89% | 0 | 0 | 116 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 7 |
| 38 | Општа болница-Охрид | 9.538 | 368 | 3,86% | 0 | 0 | 364 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 39 | Општа болница-Прилеп | 13.786 | 248 | 1,80% | 0 | 0 | 0 | 190 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 50 |
| 40 | Општа болница-Струга | 6.759 | 27 | 0,40% | 0 | 0 | 7 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 1 | 1 |
| 41 | Општа болница-Струмица | 8.255 | 70 | 0,85% | 0 | 0 | 23 | 33 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 8 |
| 42 | Клиничка болница-Тетово | 2.841 | 26 | 0,92% | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 |
| 43 | Општа болница-Велес | 7.916 | 25 | 0.32% | 0 | 0 | 21 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 44 | Клиничка болница-Штип | 6.496 | 79 | 1,22% | 0 | 0 | 25 | 41 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 9 |
| 45 | Градска болница 8 Септември | 2.999 | 32 | 1,07% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 32 |
| 46 | Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје | 4.260 | 309 | 7,25% | 0 | 0 | 273 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36 |
| 47 | Специјална болница по гинекологија и акушерство-Чаир-Скопје | 1.356 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 48 | Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје | 2.406 | 21 | 0,87% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21 |
| 49 | Психијатриска болница-Скопје | 1.500 | 6 | 0,40% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 4 |
| 50 | Психијатриска болница-Демир Хисар | 1.992 | 9 | 0,45% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| 51 | Психијатриска болница-Негорци | 1.495 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 52 | Болница Јасеново-Велес | 860 | 61 | 7,09% | 0 | 0 | 60 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 53 | Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид | 2.790 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 54 | Институт за ТБЦ-Скопје | 2.546 | 179 | 7,03% | 0 | 0 | 6 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 150 |
| | **Вкупно за болници:** | 123.372 | 2.178 | 1,77% | 0 | 0 | 1.069 | 381 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60 | 2 | 666 |
| 55 | Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје | 1.110 | 59 | 5,32% | 0 | 0 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 41 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола | 1.679 | 2 | 0,12% | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 57 | Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид | 1.514 | 0 | 0.00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Завод за рехабилитација-Отешево | 878 | 1 | 0,11% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 59 | Геронтолошки завод-Скопје | 1.952 | 2 | 0,10% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| 60 | Завод за нефрологија-Струга | 4.070 | 8 | 0,20% | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 61 | Специјална болница за ТБЦ Лешок-Тетово | 1.001 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 62 | Здравствен дом-Битола | 2.988 | 5 | 0,17% | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| 63 | Здравствен дом-Гевгелија | 1.363 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 64 | Здравствен дом-Гостивар | 3.341 | 114 | 3,41% | 1 | 0 | 1 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 92 |
| 65 | Здравствен дом - Дебар | 916 | 0 | 0,00% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 66 | Здравствен дом-Кавадарци | 2.129 | 4 | 0,19% | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 67 | Здравствен дом-Кичево * | | | | | | | | | | | | | | |
| 68 | Здравствен дом-Кочани | 148 | 5 | 3,38% | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 69 | Здравствен дом-Крива Паланка | 3.167 | 3 | 0,09% | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 70 | Здравствен дом-Куманово | 1.739 | 1 | 0,06% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 71 | Здравствен дом-Охрид * | | | | | | | | | | | | | | |
| 72 | Здравствен дом-Прилеп | 4.143 | 74 | 1,79% | 0 | 0 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50 |
| 73 | Здравствен дом-Струга * | | | | | | | | | | | | | | |
| 74 | Здравствен дом-Струміца | 838 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 75 | Здравствен дом-Тетово | 830 | 36 | 4,34% | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19 |
| 76 | Здравствен дом-Велес | 2.381 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 77 | Здравствен дом-Штип | 2.032 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 78 | Здравствен дом-Берово | 1.728 | 5 | 0,29% | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 79 | Здравствен дом-Македонски Брод | 3.558 | 9 | 0,25% | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| 80 | Здравствен дом-Валандово | 1.573 | 1 | 0,06% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 81 | Здравствен дом-Вевчани | 1.300 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 82 | Здравствен дом-Виница | 2.480 | 1 | 0,04% | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 83 | Здравствен дом-Делчево | 4.208 | 11 | 0,26% | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| 84 | Здравствен дом-Демир Хисар | 2.058 | 60 | 2,92% | 0 | 0 | 0 | 56 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| 85 | Здравствен дом-Кратово | 1.668 | 4 | 0,24% | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 86 | Здравствен дом-Крушево | 2.932 | 35 | 1,19% | 0 | 0 | 0 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 13 |
| 87 | Здравствен дом-Неготино | 1.605 | 9 | 0,56% | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 |
| 88 | Здравствен дом-Пехчево | 916 | 9 | 0,98% | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| 89 | Здравствен дом-Пробиштип | 1.780 | 0 | 0,% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | Јавна здравствена установа | Вкупен број на контролирани пресметки | Вкупен број на неисправни пресметки | Процент на неисправни пресметки | Број на пресметки со грешно пресметана партиципација | Број на пресметки со погрешно фактурирана реф. цена | Број на пресметки со погрешно избрани пакети / услуги | Број на пресметки без потпис на осигуреникот | Број на пресметки каде не се применуваат пропишаните обрасци за упатување согласно Упатсвото | Лекови кои не се на позитивна листа | Лекови со повисока ц/а од референтната | Неправилна примена на пакетите за ДБ | број на пресметки без упат или со невалиден упат | Број на пресметки без доказ за платен придонес за здр. осигурување | Број на пресметки кои се грешно фактурирани по останати основи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 90 | Здравствен дом-Радовиш | 2.618 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 91 | Здравствен дом-Ресен | 3.026 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 92 | Здравствен дом-Ростуше | 768 | 36 | 4,69% | 0 | 0 | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 93 | Здравствен дом-Свети Николе | 2.377 | 3 | 0,13% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| 94 | Здравствен дом-Скопје | 4.072 | 52 | 1,28% | 0 | 0 | 1 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39 | 0 | 4 |
| 95 | Здравствен дом-Железничар | 2.781 | 1 | 0,04% | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 96 | Здравствена станица-Кирил и Методиј | 465 | 1 | 0,22% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 97 | Здравствена станица-Железара | 2.208 | 9 | 0,41% | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 98 | Здравствена станица – Липково * | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за здравствени домови:** | | 82.340 | 560 | 0,68% | 18 | 0 | 99 | 134 | 0 | 0 | 0 | 0 | 66 | 0 | 243 |
| 99 | Медицински факултет – Институти - Скопје | 5.354 | 6 | 0,11% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| 100 | Институт за трансфузиона медицина - Скопје | 4.651 | 80 | 1,72% | 0 | 0 | 0 | 26 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 38 |
| 101 | Институт за јавно здравје на Република Македонија | 1.469 | 3 | 0,20% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 |
| 102 | Центар за јавно здравје-Битола | 1.860 | 9 | 0,48% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 4 |
| 103 | Центар за јавно здравје-Велес | 1.710 | 5 | 0,29% | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 104 | Центар за јавно здравје-Кочани | 1.010 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 105 | Центар за јавно здравје-Прилеп | 1.955 | 4 | 0,20% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 |
| 106 | Центар за јавно здравје-Куманово | 1.250 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 107 | Центар за јавно здравје-Скопје | 960 | 9 | 0,94% | 0 | 0 | 1 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| 108 | Центар за јавно здравје-Струмица | 670 | 2 | 0,30% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| 109 | Центар за јавно здравје-Тетово | 2.290 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 110 | Центар за јавно здравје-Штип | 1.400 | 4 | 0,29% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| 111 | Центар за јавно здравје-Охрид | 1.055 | 0 | 0.% | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 112 | Институт за Медицина на трудот | 2.208 | 2 | 0,09% | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **Вкупно за Центри за јавно здравје и институти:** | | 27.842 | 124 | 0,45% | 0 | 0 | 6 | 33 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30 | 0 | 55 |
| **ВКУПНО ЈЗУ:** | | 294.300 | 6.226 | 2,12% | 18 | 0 | 1.947 | 571 | 0 | 0 | 0 | 0 | 263 | 2 | 3.425 |

*Во ЈЗУ не се врши специјалистичко – консултативна здравствена дејност